ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прќе, 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@rdc.mk
I: www.rdc.mk/eastregion

# ЈАВЕН ПОВИК (реф.бр. 02/2015) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ: САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ

Претседател на Комисија за јавни набавки
Зујица Ангелова

*[Штип, јули, 2015 година]*

## Инструкции за понудувачите

**1.Договорен орган**

Договорен орган е Центар за развој на Источен плански регион, со седиште на адреса на ул.,,Ванчо Прке" бр.119, кат 2, Штип, телефон за контакт 032-386-412, факс 032-386-409, web страна www.eastregion.mk, контакт лице Драги Илиевски, телефон 033 274-002, електронска пошта dragiilijevski@gmail.com

**2. Предмет на договорот за јавен повик**

2.1. Предмет на договорот за јавниот повик е набавка на работи: **САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ**.

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

**3. Начин, рок и место на изведување на работите**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го изведе на начин даден во техничките спецификации кои се составен дел на тендерската документација, согласно условите од самата тендерска документација, и согласно одредбите на Закон за градење и законските и подзаконските акти како и сите други важечки прописи кои се релевантни за предметот на договорот.

Носителот на набавката е должен да ги изведе предвидените работи предмет на овој договор во рок од 100 (сто) календарски дена, сметано од денот на воведување во работа од страна на Надзорниот орган.

Рокот за изведување на работите тече од воведувањето на Носителот на набавката во работа.

Носителот на набавката е должен да ги изведе работите на следнава локација: с.Оризари – Општина Кочани.

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавен повик.

**5. Извор на средства**

Средствата за реализација на Договорот за јавениот повик кој е предмет на оваа постапка без вклучен ДДВ, а во рамките на Проектот ,,Програма за зачувување на природата во Македонија" финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка, се обезбедени од Фармахем ДООЕЛ Скопје согласно склучениот Договор за спроведување на програмската активност за изработка на САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ", склучен помеѓу Договорниот орган и Фармахем ДООЕЛ Скопје, наш бр. 0802-207/1 од 17.06.2015 година и Договорниот орган и

општина Кочани согласно склучениот Договор за спроведување на гореспоменатата програмска активност.

**6. Начин на плаќање**

Се предвидува следниов начин на плаќање: Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по ситуација за извршени работи (прва времена и завршна ситуација), што ја доставува Носителот на набавката до Договорниот орган.

Времената ситуација Носителот на набавката ја доставува до Договорниот орган во примерен рок по истекот на периодот за кој се однесува, потпишана и заверена од страна на овластен надзорен орган.

Завршната ситуација Носителот на набавката ја составува и поднесува на исплата до Договорниот орган, врз основа на стварно изведени завршни работи, потпишана и заверена од страна на овластен надзорен орган.

Договорниот орган вирмански, а најдоцна во рок од 15 /петнаесет/ дена од дозначувањето на истите, ќе ги уплати на сметката на Носителот на набавката во висина на фактурираната вредност без пресметан ДДВ на фактура издадена од УЈП.

Ако Договорниот орган оспори дел од примената ситуација, неспорниот износ се плаќа во рокот од ставот 4 на оваа точка.

Договорниот орган има право да задржи сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавањето на работите.

Задржаниот дел од цената Договорниот орган може да го употреби за остранување на недостатоците на изведените работи, ако Носителот на набавката на писмена покана од Договорниот орган не ги отстрани тие недостатоци во примерниот рок што ќе му го определи Договорниот орган.

Задржаниот износ, односно, неговиот непотрошен дел Договорниот орган му го исплатува на Носителот на набавката по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето во рокот од ставот 4 на оваа точка.

**7. Гарантен период**

7.1. Носителот на набавката гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

7.2. Договорниот орган е должен за забележаните недостатоци да го извести Носителот на набавката без одлагање.

7.3. Гарантниот период за квалитетот на изведените работи изнесува 24 /дваесет и четири/ месеци.

7.4. Гарантниот рок започнува да тече од примопредавањето на објектот или на дел од објектот на кој се изведени работите, а ако користењето на објектот или на дел од објектот започнало пред примопредавањето - од почетокот на користењето.

7.5.Носителот на набавката е должен во рок од 24 /дваесет и четири / месеци, од денот на примопредавањето на изведениот објект или на дел од објектот на кој се изведени работите, а ако користењето на објектот или на дел од објектот започнало пред примопредавањето од почетокот на користењето, без надоместок да ги отстранува сите недостатоци кои произлегуваат од нестручно и неквалитетно изведување на работите.

За квалитетот и гаранцијата на вградени материјали што се вградуваат, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Носителот на набавката е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Договорниот орган.

7.6.Носителот на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок, а кои настапиле поради тоа што Носителот на набавката не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на работите и материјалите.

Договорниот орган ќе му определи на Носителот на набавката примерен рок за отстранување на недостатокот.

Договорниот орган има право и на надомест на штета по основ на став 1 и 2 на оваа точка.

7.7. Ако Носителот на набавката не ги отстрани недостатоците во рокот што Договорниот орган ќе му го определи, Договорниот орган може да ги отстрани недостатоците на сметка на Носителот на набавката, со што е должен да постапува како добар стопанственик.

7.8.Носителот на набавката не е должен да ги отстрани оние недостатоци што настанале како последица од нестручно ракување и употреба, односно, не наменско користење на изведените работи-објектот или на дел од изведените работи-објектот.

**<u>8.Одговорност за недостатоците</u>**

Носителот на набавката одговара за недостатоците што би се покажале за време од 2 години од предавањето и приемот на работите, во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи.

**<u>9.Гаранција за квалитетно извршување на договорот</u>**

9.1. Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно извршување на договорот во висина од 10 % (десет проценти) од вредноста на договорот.

9.2. Гаранцијата од точка 9.1 се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

9.3. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот. Договорниот орган по извршениот избор на најповолен понудувач дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата.

9.4. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

9.5. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

9.6. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучување на договорот во рок определен од договорниот орган со известувањето.

9.7. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично во седиштето на договорниот орган.

9.8. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

9.9. Доколку договорот е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

9.10. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

## 10. Право на учество

10.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавен повик.

10.2 Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Договорниот орган нема да бара од групата на понудувачи да се здружи во посебна правна форма доколку истата биде избрана за носител на набавката.

10.3 Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот. Овој договор потребно е да ги содржи следниве податоци: членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата, членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавен повик, членот на групата кој во име на групата економските оператори ќе ја обезбеди гаранцијата на понудата во форма на банкарска гаранција, членот на групата кој во име на групата економските оператори ќе ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот во форма на банкарска гаранција, членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот.

Во случај на групна понуда секој член на групата посебно доставува изјава за независна понуда во името на својот субјект/правното лице, во спротивно понудата ќе се отфрли како неприфатлива. Изјавата за независна понуда не може да биде потпишана од ниту едно друго лице освен од одговорното лице.

10.4 Сите членови на групата на понудувачи се поединечно и солидарно одговорни пред договорниот орган за извршување на своите обврски. Договорниот орган ќе комуницира со претставникот на групата на понудувачи.

10.5 Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавен повик може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

10.6 Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

10.7. Понудувачот може да ангажира подизведувачи. Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавен повик да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавен повик, без оглед на бројот на подизведувачите.

10.08 Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот.

**<u>11. Критериум за доделување на договор</u>**

11.1. Критериум за доделување на договор - е економски најповолна понуда. За изведувач ќе биде избран оној понудувач чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

11.2. Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат следниве:

**1) Карактеристики на квалитет (Техничка понуда) -------------30 бодови**

**2) Цена (Финансиска понуда)------------------------------------------70 бодови**

**<u>12. Спречување на судир на интереси</u>**

12.1 Изведувачот не смее, при извршување на договорот, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапка за доделување на договор, во времетраење на договорот. Во тој случај договорот се смета за ништовен.

12.2 Во постапката за доделување договор, членовите на евалуационата комисија, како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси.

12.3 Во случај на судир на интереси кај членовите на Евалуационата комисија, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.

**<u>13. Појаснување, изменување и дополнување на тендерската документација</u>**

<u>13.1 Појаснување на тендерската документација</u>

13.1.1. Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во писмена форма, најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување понудите.

13.1.2. Појаснувањето договорниот орган ќе го достави до сите економски оператори што подигнале тендерска документација, без при тоа, да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.

13.1.3 Појаснувањето, договорниот орган ќе го достави до сите економски оператори кои подигнале тендерска документација.

<u>13.2 Изменување и дополнување на тендерската документација</u>

13.2.1. Договорниот орган го задржува правото најдоцна 3 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската

документација, за што веднаш ќе ги извести сите економски оператори што неа ја подигнале.
13.2.2. Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган ќе го продолжи крајниот рок за доставување на понудата за најмалку 6 дена.
13.2.3. Во случај на измена и дополнување на тендерската документација објавена во дневен весник и на web страната на Центарот за развој на Источен плански регион и Програмата за заштита на природата во Македонија договорниот орган е должен да ја објави направената измена во дневениот весник и на web страните на Центарот за развој на Источен плански регион и Програмата за заштита на природата во Македонија.

**14. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

14.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавен повик и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- на понудувачот да не му е изречена привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

14.2. Способност за вршење на професионална дејност

- Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавен повик или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

- Понудувачот треба да поседува и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на договорот, односно да има важечка Лиценца за изведување на градби од втора категорија согласно одредбите на Закон за градење, издадена од Министерство за транспорт и врски.
- Искуство во реализација на проекти од ист или сличен карактер.

14.3. Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност.
Ако економски оператори поднесат групна понуда, економската и финансиската состојба, како и техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови во групата.

**15. Начин на докажување на способноста на понудувачот**
Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда. Исполнетоста на останатите критериуми за утврдување на способност, понудувачот ја докажува со доставување на потребната документација утврдена во овој дел од тендерската документација:

15.1. За докажување на личната состојба:
- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност;

- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена привремена забрана за вршење одделна дејност.

**Документите од точка 15.1. не смеат да бидат постари од 6 месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот со печат и со потпис на одговорното лице, со назнака "Верно на оригиналот"**.

<u>15.2. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност</u>

- За докажување на способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност (**ДРД образец /Потврда за регистрирана дејност** за кој во РМ надлежен орган за издавање е Централен регистар на РМ **и истиот не треба да е постар од 6 месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад** / во оригинал или копија заверена од понудувачот со печат и со потпис на одговорното лице, со назнака "Верно на оригиналот") како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавен повик или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

- Економскиот оператор треба да достави и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на договорот, односно да достави **минимум важечка Лиценца Д за изведувач** издадена од Министерството за транспорт и врски на РМ, согласно Закон за градење **(копија заверена од понудувачот со потпис и печат и назнака ,, Верно на оригиналот").**

Понудувачот го докажува искуството во реализација на проекти од ист или сличен карактер преку:

- Доставување на референтна листа на понудувачот за извршени градежни работи за изградба на фекална и/или атмосверска канализација или проекти од сличен вид со датуми, купувачи/приматели на работите.

- со задолжително доставување на потврди за успешно реализирани/изработени минимум 3 (три) извршени градежни работи фекална и/или атмосверска канализација или проекти од сличен вид (копии заверени од понудувачот со печат и потпис на одговорното лице, назнака "Верно на оригиналот").

## <u>16. Изготвување и поднесување на понудите</u>

<u>16.1. Начин на изготвување на понудата</u>

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок. Понудата се

пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот или овластено лице од страна на понудувачот. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата. Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавен повик да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавен повик, без оглед на бројот на подизведувачите.

16.2. Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба

Со понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава со која потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба во целост утврдени во законот и во тендерската документација и дека ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку неговата понуда биде избрана за најповолна.

16.3. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Пропратно писмо
- Образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба (Прилог 2),
- Документи за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведени во точка 12.2. од тендерската документација;
- договор за групна понуда *[само за група на економски оператори]*.
- Профил на организацијата со референтна листа и потврди за успешно реализирани проекти;
- Технички предлог со временски распоред;
- Финансиска понуда

16.4. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

16.5. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 120 (сто и дваесет) дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од оној утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

16.6. Затворање на понудата

- Понудувачот подготвува **еден оригинален примерок во писмена форма и еден електронски примерок (CD) од понудата спакувани во коверт**. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот или овластено лице од страна на понудувачот.

16.7. Принцип на една понуда

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

## 17. Краен рок и место за поднесување на понудите

17.1. Краен рок за доставување на понудите е **27.07.2015 година, во 11:00 часот.** Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

15.2. Понудите се поднесуваат на следнава адреса: Центар за развој на Источен плански регион, со адреса на ул. Ванчо Прќе, бр.119, кат 2, Штип.

## 18. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

### 18.1 Отворање на понудите

18.1.1 Отварањето на понудите нема да биде јавно

18.1.2 Во текот на отварањето на понудите се води записник.

### 18.2 Евалуација на понудите

18.2.1 Комисијата за евалуација ги оценува понудувачите и понудите врз основа на следниов модел:

| ***ФОРМАЛНИ БАРАЊА (ЕЛИМИНАЦИОНИ)*** | |
|---|---|
| Понуда поднесена во бараниот рок | Да/Не |
| Комплетна понуда | Да/Не |

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА СООДВЕТНОСТ (ЕЛИМИНАЦИОНИ)*** | |
|---|---|
| Докази за лична состојба | Да/Не |
| Докази за способност за вршење професионална дејност | Да/Не |
| Миниму Д лиценца за градба | Да/Не |

| *КРИТЕРИЕУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОГОВОР* | |
|---|---|
| ***Техничка понуда*** | ***30 бодови*** |
| - Минимум број на потврди за реаизирани проекти за фекална и атмосферска канализација | 30 бодови |
| ***Финансиска понуда*** | ***70 бодови*** |
| ***Вкупно*** | ***100 бодови*** |

- Цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што најмногу бодови (максималниот утврден) ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот цена кај другите понуди ќе се доделат според следнава формула:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{најниска понудена цена (без ДДВ)} \cdot \text{максимален број бодови}}{\text{Понудена цена (безДДВ)}}$$

- Во текот на евалуацијата на критериумите за доделување договор, секој член на Комисијата за евалуација ќе ја бодува секоја понуда посебно. Конечниот резултат од бодувањето на секоја понуда ќе биде просекот од бодови дадени од страна на секој оценувач за таа понуда.
- Предлог одлуката за избор на најповолен понудувач за тендерите ја дава Комисијата за евалуација, и истата се испраќа заедно со извештајот од евалуацијата до Швајцарска канцеларија за соработка во Македонија заради можни забелешки. Ако Швајцарската канцеларија за соработка во Македонија не се согласува со предлог одлуката дадена од страна на Комисијата за евалуација, Комисијата за евалуација ќе мора повторно да ги евалуира понудите и да даде предлог за нов најдобар понудувач. Конечната одлука за избор на најповолен понудувач после одобрување од Швајцарската канцеларија за соработка во Македонија ја донесува одговорното лице на институцијата (партнерот).

18.2.2 И да пристигне една понуда, доколку ги задоволува потребните критериуми, истата ќе биде земена предвид.

18.2.3 Доколку во текот на постапката за доделување договор, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на планираните средства, договорниот орган ќе преговара со понудувачот или ќе ја поништи постапката.

18.2.4 Избраниот понудувач ќе биде запознаен со конечната одлука по писмен пат, во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката.

18.2.5 Понудувачите што не биле одбрани исто така ќе бидат запознаени по писмен пат, по потпишување на договорот со избраниот понудувач.

18.2.6 Понудувачите што не биле одбрани немаат право на жалба.

18.2.7 Информацијата за избраниот изведувач ќе биде објавена на интернет страницата на договорниот орган и на web страната на Програма за зачувување на природата во Македонија.

## 19. Посебни начини за доделување на договорот за јавен повик

19.1. Оваа постапка се спроведува согласно со Методологијата за спроведување на тендерски постапки одобрена од Швајцарската агенција за развој и соработка.

## 20. Доделување на договорот за јавен повик

20.1 Договорниот орган, по донесување на конечната одлука за избор на најповолен понудувач, договорот му го доделува на понудувачот чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

20.2 Договорниот орган ќе го достави договорот до избраниот најповолен понудувач во 6 (шест) примероци на потпишување.

20.3 Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот во рок од 7 (седум) календарски дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице на договорниот орган.

20.4 Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 20.3 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот.

## 21. Известување за доделување на договорот за јавен повик

21.1. Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во писмена форма дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

-Понудувачите што не биле одбрани исто така ќе бидат запознаени по писмен пат по потпишување на договорот со избраниот понудувач

-Не постои право на жалба

-Информација за избраниот извршител ќе биде објавена и на интернет страната на огласувачот и на страната на ПЗП-Програма за зачувување на природата.

**Технички спецификации за Санација и дислокација на десен колектор во с. Оризари – општина Кочани**

- Сите заинтересирани економски оператори имаат можност, во било кој работен ден (по претходна најава во Договорниот орган), до денот утврден за доставување на понудата , во просториите на Центарот за развој на Источен плански регион-Штип, на ул. „Ванчо Прке бр. 119, кат 2 – Штип да извршат увид во Основниот проект за САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ
- Предмер за САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ

| ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА | | | |
|---|---|---|---|
| за санација и дислокација на десен колектор во с. Оризари | | | |
| Р. Бр | Опис на работата | Един. Мерка | Количина |
| **1.** | **ПРЕТХОДНИ РАБОТИ** | | |
| 1.1 | Чистење на теренот од трња, грмушки и друго и одлагање во депонија до 500m | $m^2$ | 920.00 |
| 2.1 | Сечење дрва со вадење на корењата и одлагање во депонија до 500m Ø= 10-20cm | ком. | 6.00 |
| | | | |
| **2.** | **ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ** | | |
| 2.1 | Исколчување на трасата за канализација | m' | 172.28 |
| | | | |
| **3.** | **ЗЕМЈАНИ РАБОТИ** | | |
| 3.1 | Машински ископ на земја во ров со широчина до 1.8m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (90%) | $m^3$ | 32.63 |
| 3.2 | Рачен ископ на земја во ров со широчина до 1.3m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (10%) | $m^3$ | 3.63 |
| 3.3 | Машински ископ на земја во ров со широчина до 1.8m и длабочина над 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (90%) | $m^3$ | 556.11 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.4 | Рачен ископ на земја во ров со широчина до 1.3m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното,со подградување и делумно во присуство на подземна вода (10%) | $m^3$ | 61.79 |
| 3.5 | Вкупен ископ на ров | $m^3$ | **654.16** |
| 3.6 | Планирање и рамење на ров и припрема за поставување на ровка земја со точност на нивелетата ± 2cm | $m^2$ | 275.65 |
| 3.7 | Набавка, транспорт и рачно поставување на слој песок на дното од ровот со дебелина од 10cm- долна постелка за цевки | $m^3$ | 27.57 |
| 3.8 | Рачно насипување (затрупување) на ровот со земја од ископот (без присуство на камења поголеми од 20 mm) и набивање во слоеви од 10 cm ,30cm над цевка | $m^3$ | 149.02 |
| 3.9 | Машинско насипување (затрупување) на ров со земја од ископ и набивање во слоеви од 30 cm | $m^3$ | 370.22 |
| 3.10 | Машинско насипување (затрупување) до капак на шахтите со земја од ископ и набивање во слоеви од 30 cm | $m^3$ | 98.11 |
| | | | |
| **4.** | **МОНТАЖНИ РАБОТИ** | | |
| 4.1 | Набавка, транспорт и монтажа на коругирани ПЕ канализациони цевки, заедно со споен материјал PE DN630 SN8 | m' | 170.00 |
| | | | |
| **5.** | **ТИПСКИ ОБЈЕКТИ** | | |
| 5.2 | Набавка, транспорт и монтажа на коругирани РЕ канализациони шахти Φ1000, заедно со споен материјал, изработени од црн ПЕ по стандард prEN-13598-1:2004, prEN13598-2:2004,prEN13101,prEN14802 i UNIEN 681-1 | | |
| 5.3 | Градежни работи за три шахти | ком. | 3.00 |
| 5.4 | Монтажни работи | | |
| | Ø1000/3000 DN630/630 | ком. | 2.00 |
| | Ø1000/2750 DN630/630 | ком. | 1.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.5 | Набавка, транспорт и монтажа на железен капак Ф600, капацитет на оптоварување 40MPa за постоечки шахти | ком. | 2.00 |

ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА

за армирано бетонски потпорни ѕидови

| Р. Бр | Опис на работата | Един. Мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| **1.** | **ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ** | | |
| 1.1 | Исколчување на трасата за потпорен ѕид | m' | 98.54 |
| | | | |
| **2.** | **ЗЕМЈАНИ РАБОТИ** | | |
| 2.1 | Машински ископ на земја во ров со широчина до 1.0m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (90%) | $m^3$ | 143.11 |
| 2.2 | Рачен ископ на земја во ров со широчина до 1.0m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (10%) | $m^3$ | 15.90 |
| 2.3 | Машински ископ на земја во ров со широчина до 1.8m и длабочина над 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (90%) | $m^3$ | 18.41 |
| 2.4 | Рачен ископ на земја во ров со широчина до 1.3m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното,со подградување и делумно во присуство на подземна вода (10%) | $m^3$ | 2.05 |
| | | | |
| **3.** | **БЕТОНСКИ РАБОТИ** | | |
| 3.1 | Набавка, транспорт и вградување на армиран бетон МБ30 за потпорен ѕид | $m^3$ | 140.42 |
| | | | |
| 4. | АРМИРАЧКИ РАБОТИ | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.1 | Набавка, транспорт и вградување на мрежа Q 188 | kg | 2,443.79 |
| | | | |
| **5.** | **ДРЕНАЖА** | | |
| 5.1 | Изработка на подлога од мршав бетон за поставување на дренажа | $m^3$ | 9.85 |
| 5.2 | Изработка на филтерски материјал за дренажа | | |
| | Ø5 mm d = 10 cm | $m^3$ | 9.85 |
| | Ø5-10 mm d = 10 cm | $m^3$ | 9.85 |
| | Ø20-30 mm d = 10 cm | $m^3$ | 9.85 |
| | Ø60-80 mm d = 20 cm | $m^3$ | 19.71 |
| 5.3 | Набавка транспорт и поставување на дренажна цевка Ø200mm | m' | 98.54 |

*[меморандум на понудувачот]*

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број ------------------------- објавен од страна на Центар за развој на Источен плански регион, за доделување на договор за работи: САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, согласно со Методологијата за спроведување на тендерски постапки одобрена од Швајцарската агенција за развој и соработка и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ___________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________________
- Телефон: __________________________________________________
- Факс: ______________________________________________________
- Е-пошта: ___________________________________________________
- Лице за контакт: ____________________________________________

I.3. Одговорно лице: _______________________________________________

I.4. Даночен број: _________________________________________________

1.5. ЕМБС: ______________________________________________________

Место и датум                                        Одговорно лице*

_____________________________          _____________________________
(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве работи: Дадени во предмерот за САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ, составен дел на оваа тендерска документација.

II.2 Ги прифаќаме начинот, рокот и местото на изведување на работите утврдени во тендерската документација.

II.3. Согласни сме со гарантниот период.

II.4. Согласни сме со одговорноста за недостатоците.

II.5. Нашата техничка понуда е обврзувачка за нас.

II.6. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и техничките спецификации.

Место и датум　　　　　　　　　　　　Одговорно лице*

_____________________________　　　_____________________________

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1 Предмер-пресметка за САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ

ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА

за санација и дислокација на десен колектор во с. Оризари

| Р. Бр | Опис на работата | Един. Мерка | Количина | Единечна цена | Вкупно денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ПРЕТХОДНИ РАБОТИ** | | | | |
| 1.1 | Чистење на теренот од трња, грмушки и друго и одлагање во депонија до 500m | $m^2$ | 920.00 | | |
| 2.1 | Сечење дрва со вадење на корењата и одлагање во депонија до 500m Ø= 10-20cm | ком. | 6.00 | | |
| | | | | Вкупно 1: | |
| **2.** | **ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ** | | | | |
| 2.1 | Исколчување на трасата за канализација | m' | 172.28 | | |
| | | | | **Вкупно 2:** | |
| **3.** | **ЗЕМЈАНИ РАБОТИ** | | | | |
| 3.1 | Машински ископ на земја во ров со широчина до 1.8m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (90%) | $m^3$ | 32.63 | | |
| 3.2 | Рачен ископ на земја во ров со широчина до 1.3m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (10%) | $m^3$ | 3.63 | | |
| 3.3 | Машински ископ на земја во ров со широчина до 1.8m и длабочина над 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (90%) | $m^3$ | 556.11 | | |
| 3.4 | Рачен ископ на земја во ров со широчина до 1.3m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното,со подградување и делумно во присуство на подземна вода (10%) | $m^3$ | 61.79 | | |
| 3.5 | Вкупен ископ на ров | $m^3$ | **654.16** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.6 | Планирање и рамење на ров и припрема за поставување на ровка земја со точност на нивелетата ± 2cm | $m^2$ | 275.65 | | |
| 3.7 | Набавка, транспорт и рачно поставување на слој песок на дното од ровот со дебелина од 10cm-долна постелка за цевки | $m^3$ | 27.57 | | |
| 3.8 | Рачно насипување (затрупување) на ровот со земја од ископот (без присуство на камења поголеми од 20 mm) и набивање во слоеви од 10 cm ,30cm над цевка | $m^3$ | 149.02 | | |
| 3.9 | Машинско насипување (затрупување) на ров со земја од ископ и набивање во слоеви од 30 cm | $m^3$ | 370.22 | | |
| 3.10 | Машинско насипување (затрупување) до капак на шахтите со земја од ископ и набивање во слоеви од 30 cm | $m^3$ | 98.11 | | |
| | | | | **Вкупно 3:** | |
| **4.** | **МОНТАЖНИ РАБОТИ** | | | | |
| 4.1 | Набавка, транспорт и монтажа на коругирани ПЕ канализациони цевки, заедно со споен материјал PE DN630 SN8 | m' | 170.00 | | |
| | | | | **Вкупно 4:** | |
| **5.** | **ТИПСКИ ОБЈЕКТИ** | | | | |
| 5.2 | Набавка, транспорт и монтажа на коругирани PE канализациони шахти Ф1000, заедно со споен материјал, изработени од црн ПЕ по стандард prEN-13598-1:2004, prEN13598-2:2004,prEN13101,prEN14802 i UNIEN 681-1 | | | | |
| 5.3 | Градежни работи за три шахти | ком. | 3.00 | | |
| 5.4 | Монтажни работи<br>Ø1000/3000 DN630/630<br>Ø1000/2750 DN630/630 | <br>ком.<br>ком. | <br>2.00<br>1.00 | | |
| 5.5 | Набавка, транспорт и монтажа на железен капак Ф600, капацитет на оптоварување 40MPa за постоечки шахти | ком. | 2.00 | | |
| | | | | **Вкупно 5:** | |
| | | | | Вкупно 1-5: | |
| | | | | ДДВ 18% | |
| | | | | **СЕ ВКУПНО СО ДДВ** | |

ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА

за армирано бетонски потпорни ѕидови

| Р. Бр | Опис на работата | Един. Мерка | Количина | Единечна цена | Вкупно денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ** | | | | |
| 1.1 | Исколчување на трасата за потпорен ѕид | m' | 98.54 | | |
| | | | | **Вкупно 1:** | |
| **2.** | **ЗЕМЈАНИ РАБОТИ** | | | | |
| 2.1 | Машински ископ на земја во ров со широчина до 1.0m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (90%) | $m^3$ | 143.11 | | |
| 2.2 | Рачен ископ на земја во ров со широчина до 1.0m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (10%) | $m^3$ | 15.90 | | |
| 2.3 | Машински ископ на земја во ров со широчина до 1.8m и длабочина над 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното (90%) | $m^3$ | 18.41 | | |
| 2.4 | Рачен ископ на земја во ров со широчина до 1.3m и длабочина до 2m во материјал III и IV категорија, со планирање на дното,со подградување и делумно во присуство на подземна вода (10%) | $m^3$ | 2.05 | | |
| | | | | **Вкупно 2:** | |
| **3.** | **БЕТОНСКИ РАБОТИ** | | | | |
| 3.1 | Набавка, транспорт и вградување на армиран бетон МБ30 за потпорен ѕид | $m^3$ | 140.42 | | |
| | | | | Вкупно 3: | |
| 4. | АРМИРАЧКИ РАБОТИ | | | | |
| 4.1 | Набавка, транспорт и вградување на мрежа Q 188 | kg | 2,443.79 | | |
| | | | | **Вкупно 4:** | |
| **5.** | **ДРЕНАЖА** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 | Изработка на подлога од мршав бетон за поставување на дренажа | $m^3$ | 9.85 | | |
| 5.2 | Изработка на филтерски материјал за дренажа | | | | |
| | Ø5 mm d = 10 cm | $m^3$ | 9.85 | | |
| | Ø5-10 mm d = 10 cm | $m^3$ | 9.85 | | |
| | Ø20-30 mm d = 10 cm | $m^3$ | 9.85 | | |
| | Ø60-80 mm d = 20 cm | $m^3$ | 19.71 | | |
| 5.3 | Набавка транспорт и поставување на дренажна цевка Ø200mm | m' | 98.54 | | |
| | | | | **Вкупно 5:** | |
| | | | | Вкупно 1-5: | |
| | | | | ДДВ 18% | |
| | | | | **СЕ ВКУПНО СО ДДВ** | |

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

| Р. Бр | Опис на работата | Вкупно денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Санација и дислокација на десен колектор во с. Оризари** | |
| **2.** | **Армирано бетонски потпорни ѕидови** | |
| | Вкупно 1-2: | |
| | ДДВ 18% | |
| | **Вкупна цена, вклучувајќи го сите трошоци и попусти, со вклучен ДДВ** | |

III.2. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: ________________________________________________ *[со бројки]* ________________________________________________ *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува __________________ денари.

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, со вклучен ДДВ, изнесува: ________________________________________________ *[со бројки]* ________________________________________________ *[со букви]* денари.

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　Одговорно лице*

______________________________　　　　______________________________

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба**

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот
_______________________________________________________________
*[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба на понудувачите утврдени во законот и во тендерската документација по огласот за доделување на договор за работи: САНАЦИЈА И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕСЕН КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ОРИЗАРИ – ОПШТИНА КОЧАНИ, објавен од страна на Центар за развој на Источен плански регион со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум                                        Одговорно лице*

_____________________________          _____________________________
                                                                (потпис)

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице